# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXXVII

Септември 2024 г.



СОДРЖИНА

2 страна - **17-та Конференција на држави потписнички на Конвенцијата**

3 страна - **Интервју на Генералниот секретар на РЦПЛИП - ПОРАКА, д-р Василка Димоска Де Јонг, за ЕАСПД**

4 страна - **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поведува постапка по службена должност против МОН**

5 страна - **Заложби и препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на образование**

6, 7, 8 и 9 страна - **Документ за позиција на ЕАСПД - Трансформирање на поддршката во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост**

10 и 11 страна - **Нови материјали на Европската комисија за унапредување на инклузијата на работното место**

11 страна - **Препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на вработување**

12, 13, 14 и 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА**

16 страна - **Активности во куглана**

*“ПОРАКА”*
*Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*

**Септември 2024 г. Број 3, год. XXXVII**
Гласилото излегува секои 3 месеци

*Уредувачки одбор:*
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

*Печати:*
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

## Активности на Обединетите нации

# 17-та Конференција на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

17-тата сесија на Конференцијата на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост се одржа од 11-ти до 13-ти јуни 2024 година во седиштето на Обединетите нации во Њујорк. На конференцијата присуствуваа владини претставници, претставници на граѓански организации и лица со попреченост од голем број на земји. Тие дискутираа на значајни теми кои се однесуваат на инклузијата на попреченост во општествените текови. Главната тема на овогодинешната Конференција на држави потписнички беше **„Преиспитување на вклучувањето на попреченоста во тековниот меѓународен момент и пред самитот на иднината“.** Конференцијата подетално се фокусираше на 3 под-теми:

1. На тркалезната маса во однос на првата под-тема: **„Меѓународна соработка за промовирање технолошки иновации и трансфер за инклузивна иднина“** покрај воведните излагања следеше интересна интерактивна дискусија. Во текот на оваа дискусија се истакнаа две клучни поделби што ги засегаат лицата со попреченост: поделбата меѓу лицата со и без попреченост и меѓу развиените земји и земјите во развој. Лицата со попреченост, генерално, немаат пристап до многу технологии и особено немаат доволно пристап до потребни асистивни технологии. Жените со попреченост се соочуваат со уште поголеми препреки. Во земјите во развој, технологиите, електричната енергија и пристапот до интернет се несигурни и честопати недостапни и скапи. Учесниците повикаа на подобра меѓународна соработка за да се опфатат овие предизвици преку трансфер на технологии, јавни-приватни партнерства, зајакнување на капацитетот и користење на локалното производство со цел да се намалат трошоците. Се истакна и потребата од определување буџети за асистивна технологија и примена на принципите за универзален дизајн. Вклучувањето на лицата со попреченост во развојот на технологии и имплементација на регулативи за осигурување пристапност и заштита на податоците е суштинска. Инвестирањето во дигитална писменост и споделување иновации, како што се дигитални картици и пристапни рани предупредувања во ситуации на ризик и хуманитарни вонредни состојби се неопходни за инклузивна иднина.
2. Во текот на тркалезната маса на втората под-тема: **„Лицата со попреченост во ситуации на ризик и хуманитарни вонредни состојби“** презентерите со своите излагања поттикнаа на интересни дискусии. Во текот на тие дискусии се истакна потребата за инклузија на лицата со попреченост и нивните репрезентативни организации; потребата да се унапредува зајакнувањето, отпорноста и самостојното живеење на лицата со попреченост; ранливоста на децата со попреченост при вооружени конфликти; и програми и иницијативи кои во моментов се имплементираат на национално и локално ниво, вклучувајќи ги и оние во партнерство со агенциите на Обединетите нации.
3. Третата тркалезна маса посветена на последната под-тема: **„Промовирање на правата на лицата со попреченост на пристојна работа и одржлива егзистенција“,** исто така овозможи интерактивни дискусии. Изјавите се фокусираа на споделување добри практики за решавање на предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост во однос на вработувањето. Добрите практики вклучуваат национални стратегии, акциски планови и други иницијативи чија цел е да се прошират и зајакнат моделите на вработување за да се зголемат можностите за вработување, да се обезбедат потребните сервисни служби и поддршка како за работодавачите така и за вработените со попреченост и, преку финансиски, даночни и други мерки да се реформира секторот за вработување за да се подобрат перформансите на јавните и на приватните работодавачи при вработувањето и задржувањето на работници со попреченост.

## Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА во рамки на членството во ЕАСПД

# Интервју на Генералниот секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА, д-р Василка Димоска де Јонг, за ЕАСПД

# Придонесот на д-р Василка Димоска де Јонг во ЕАСПД за разбирање на функционирањето на социјалните сервисни служби на Балканот

**Што Ве мотивираше да се приклучите во Управниот одбор на ЕАСПД?**

Ќе мора да Ве вратам во 2008 година – таа година станав член на Управниот одбор на ЕАСПД. Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е организација која има долгогодишно искуство во социјалните реформи во пружањето сервисни служби за лица со интелектуална попреченост во нашата држава. Искрено, бев импресионирана од начинот на функционирање и структурата на ЕАСПД. Силното влијание врз политиките на европско ниво беше суштинско за развојот на РЦПЛИП – ПОРАКА како организација на лица со попреченост. Воедно, ја добивме и одличната можност да се поврземе со други обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост и да споделуваме и да учиме позитивни практики во ова поле. Исто така, добивме можност да ги претставиме предизвиците и пречките со кои се соочуваат сервисните служби за лица со попреченост на Балканот.

Така, кога се појави можноста да станам член на Управниот одбор, лесна ми беше одлуката да се кандидирам на изборите – и се исплатеше!

**Кои се некои од значајните достигнувања на кои може да се присетите за време на Вашиот мандат како член на Управниот одбор на ЕАСПД?**

Меѓународната конференција на ЕАСПД во 2010 година која се одржа во Скопје. Конференцијата привлече голем број на официјални лица од Европската комисија, Советот на Европа и Обединетите нации. Конференцијата претставуваше можност за социјалните сервисни служби за лицата со попреченост на Балканот да станат меѓународно признаени и прифатени. Ваквото меѓународно влијание свртено кон нас беше суштинско за растот на секторот за обезбедување сервисни служби во Северна Македонија. Оттогаш па наваму, мисијата на ЕАСПД за обезбедување сервисни служби за лица со попреченост со висок квалитет постојано расте.

Уште едно големо достигнување беше креирањето на Форумот за интервенција во раното детство во ЕАСПД. ИРД воопшто не постоеше како тема во времето кога јас се приклучив. Беше само мала работна група при ЕАСПД која била иницирана во раните 2000-ти. Во моментов, јас сум ко-претседавач на оваа работна група која се разви во Форум. Неодамна, поточно, во 2023 година, имавме успешна конференција во Албанија на тема за ИРД насочена кон семејството Фактот дека ИРД стана тема на агендата го одразува опсегот и влијанието кое ЕАСПД го има на европско ниво.




**Може ли да издвоите неколку квалитети кои треба да ги има еден член на Управниот одбор на ЕАСПД?**

Исклучително важно е да се има знаење за секторот, особено разбирање на новите правила и регулативи за пружање сервисни служби во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

Исто така, верувам дека искуството е најдобриот учител. Така, искуството во соработка со институции од ЕУ и НВО секторот на европско ниво е дополнителен плус доколку некој сака да се приклучи во Управниот одбор на ЕАСПД. Вие станувате посилен кандидат за оваа позиција доколку ве сметаат за активен и доверлив лидер кој е признаен на национално и на регионално ниво.

На крај, човековите вредности како што се довербата и почитта се суштински. Сите ние доаѓаме од различни средини, при што секоја земја е со различни традиции, култура и искуства. Многу е важно да се почитува тоа и да се има отворен ум.



**Преземен текст од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од 12.09.2024**

# Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поведува постапка по службена должност против МОН

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе одлука за поведување постапка по службена должност против Министерството за образование и наука за утврдување на индиректна дискриминација во пристапот до задолжително основно образование врз основа на попреченост, поради необезбедување образовни асистенти за учениците кои имаат потреба од нив.

**Врз основа на член 21 став (1) точка 15 и точка 22, а во врска со член 23 став (4) од Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.258 од 30.10.2020 година), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на седницата одржана на 03.09.2024 година, ја донесе следната:**

**ОДЛУКА**

**СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА по службена должност против Министерството за образование и наука за утврдување индиректна дискриминација во пристапот до задолжително основно образование врз основ на попреченост.**

**Образложение**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.09.2024 година во вестите на Телевизија 24 и на нејзиниот веб портал www.24.mk ја забележа веста со наслов „Школската година почна без образовни и лични асистенти, родителите револтирани, министерката смирува", која може да се најде на следниот линк: https://24.mk/details/shkolskata-godina-pochna-bez-obrazovni-i-lichni-asistenti-roditelite-revoltirani-ministerkata-smiruva.

Во истата се вели дека првиот училиштен ден започнува за сите ученици, освен за децата кои имаат потреба од образовни или лични асистенти. „Школската година започна, но асистенти нема, тврдат револтирани родители на деца со посебни потреби, а причина е како што коментираат, доцна распишаниот оглас". Согласно објавената вест, еден родител, татко на дете со аутистичен спектар, вели „и со образовни асистенти животот на овие деца е тежок, но без нив уште потежок". Тој прашува зошто административните процедури не се завршени порано, за да може и за овие деца училишната година да започне на 2-ри Септември.

Имено, согласно член 4 став (2) од „Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент", општинските основни училишта барањата за обезбедување на образовен/личен асистент до основните училишта со ресурсен центар, за учениците од второ до деветто одделение, ги доставуваат до месец март, а за учениците кои се зашишани во 1-во одделение во првата половина од месец јуни од тековната година, за наредната учебна година. Основното училиште со ресурсен центар побарувањата за образовен/личен асистент за неговиот реон, ги доставува до МОН, во рок од 15 дена од приемот на барањата, за добивање согласност од МОН и МФ.

Согласно наведеното, како и фактот дека во конкретниот случај засегнати се поголем број ученици, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на седницата одржана на 03.09.2024 година, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Преземен текст од веб-страната на Министерството за образование и наука, 10.09.2024**

# Јаневска: 815 образовни асистенти неделава етапно влегуваат во основните училишта

Од денеска образовните асистенти влегуваат во училиштата и етапно до крајот на неделава сите 815 избрани на јавните конкурси ќе бидат ангажирани да им помагаат на учениците со попреченост. Ова го изјави министерката за образование и наука Весна Јаневска при денешната посета на основното училиште „Ѓорѓија Пулевски" во општина Аеродром, каде веќе работат 12 образовни асистенти.

„Ресурсниот центар „Златан Сремец" кој ја покрива и територијата на Аеродром успешно го привршува процесот на ангажирање на образовните асистенти. Денес во ова и во другите училишта во општината има образовни асистенти", рече Јаневска.

Министерката информираше дека се работи на креирање системско решение за начинот и навременото ангажирање на образовните асистенти во следните учебни години. Со новите закони за основно и средно образование ќе се определи датум во текот на месец јуни до кој ќе мора да биде завршена целата постапка.

„Новина е што обезбедуваме асистенти и за средните училишта, што досега не беше случај, а исто така и тоа што асистентите ќе го следат ученикот во целиот негов образовен процес освен ако не престане потребата за асистент, ако асистентот одлучи да се исклучи од овој процес или доколку родителите сметаат дека нивното дете би можело да постигне подобар успех со друг асистент", рече министерката, додавајќи дека очекува образовни асистенти во средите училишта да има најрано во јануари 2025 година.

„Работиме на нов Закон за средно образование и тој многу скоро ќе биде ставен на јавна расправа, таа треба да заврши, па да помине на Влада и да се поднесе во Собрание. Сите ќе можат да го видат и да дадат сугестии за утврдување на најдобрата содржина на сите одредби", нагласи Јаневска.

Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Заложби и препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на образованието за лицата со интелектуална попреченост

## Извадок од Извештајот „10 години потоа“ на РЦПЛИП - ПОРАКА од 2021 г.

Со донесувањето на новиот Закон за основно образование во 2019 година, како и со донесувањето на Концепцијата за инклузивно образование од страна на Министерството за образование и наука, државата направи голем исчекор кон признавање на правото на инклузивно образование на децата со попреченост и посебни образовни потреби и постави солидна рамка за претстојните реформски процеси.

Двете најзначајни иницијативи кои се спроведуваат во рамките на реформските процеси во образованието, а се однесуваат на учениците со попреченост се:

1. Трансформацијата на посебните основни училишта во основни училишта со ресурсни центри кои добиваат исклучителна важна улога согласно нивните обврски за поддршка на реформскиот процес,
2. Вработувањето на 500 образовани асистенти кои треба да пружат директна поддршка на децата со попреченост и наставниот кадар во редовниот образовен процес (според податоци на МОН во редовниот образовен процес се вклучени приближно 800 деца со попреченост). Ангажирањето на образовните асистенти треба во голема мера да ја олесни работата на наставниците и да ги ослободат семејствата од плаќање на асистенти.

Со тоа државата јасно ја поставува интенцијата за создавање на системски пристап во обезбедувањето на услови секое дете да добие еднаква можност за вклучување во редовниот образовен процес.

Но, и покрај позитивните промени во законската рамка и напредокот во образовните политики, истражувањето кое РЦПЛИП – ПОРАКА го спроведе за напредокот во имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, покажува дека потребна е посериозна иницијатива за подобрување на образовната инклузија. Со оглед дека конкретните активности, како што е на пример ангажирањето на образовните асистенти, започнаа во втората половина на 2021 година, сè уште е рано да се процени успешноста на политиките и да се предвидат ефектите, но се очекуваат позитивни исходи.

Истражувањето исто така покажува дека е потребна силна политичка волја и посветеност на чинителите во реформата, со цел започнатите иницијативи да се реализираат, а постигнатото да се одржи во оптимални рамки. Останува фактот дека за постигнување на целосно инклузивно образование државата треба да преземе дополнителни мерки и инвестиции за подобрување на инфраструктурата, адаптирање на наставните програми, подигање на свеста, а особено внимание треба да се посвети на зајакнување и обука на наставниот кадар. Во таа насока, воочени се поединечни добри практики за подобрување на опфатот на деца со попреченост во предучилишно образование и обука на персоналот во детските градинки



од страна на одредени организации но сепак ваквите практики најчесто се краткорочни проектни активности без континуитет.

Особено е важно е да се создадат услови за надминување на разликата која постои во однос на правото на образование, а зависи од степенот на попреченост. Според исказите на родителите, вклучувањето во редовниот образовен систем сè уште е можно само за децата со лесна интелектуална попреченост и за одреден мал број на деца со умерена интелектуална попреченост, додека другите деца, особено со тешка и со длабока интелектуална попреченост воопшто не се опфатени во образовниот систем.

**Препораки:**

- **Обезбедување на сите потребни материјални, финансиски, инфраструктурни, човечки ресурси за целосно спроведување на позитивната законска рамка за инклузивно образование и целосно напуштање на досегашната практика на сегрегација на учениците со интелектуална попреченост во сегрегирани образовни средини.**
- **Обезбедување можности и поддршка за секое дете/лице со интелектуална попреченост да биде вклучено во воспитно-образовна програма, без разлика на степенот на попреченоста.**
- **Воведување на нови методологии за работа со децата со попреченост во образовниот систем и осовременување на наставните програми согласно барањата на пазарот на трудот.**
- **Обезбедување на соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата.**
- **Обезбедување на универзална пристапност до образовните објекти и простории, на сите образовни нивоа.**
- **Подигање на свеста кај наставниот кадар, училишните деца и нивните родители за потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост.**

## Документ за позиција на ЕАСПД

# Гарантирање на избор и контрола: Трансформирање на поддршката во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост

Околу едно од осум лица во светот живеат со проблеми со менталното здравје. Во моментов, грижите, анксиозноста и чувствата на депресија предизвикани од ефектите на пандемијата, ескалацијата на меѓународните конфликти, климатските промени, невработеноста и зголемените трошоци за живеење ги влошија и онака лошите нивоа на ментално здравје, особено за децата и младите лица во земјите членки на организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Според оваа организација, лошото ментално здравје влијае на општествата и економиите, и сочинува до 4% од БДП и резултира со послаби резултати во образованието, вработувањето и физичкото здравје за оние кои живеат со проблеми со менталното здравје и психосоцијална попреченост.

Постои нееднаква распределба на проблемите со менталното здравје помеѓу населението. Во овој контекст, лицата кои имаат проблеми со менталното здравје во комбинација со други попречености, може да се соочат со поголеми предизвици за нивната добросостојба. Во случај кога сервисните служби за ментално здравје не се доволни за да ги задоволат потребите на поширокото население, лицата со попреченост пријавуваат повисока стапка на незадоволени медицински потреби во споредба со лицата без попреченост, откривајќи празнини во квалитетот на здравствената грижа, пристапноста и расположливоста. Обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост, исто така, искусуваат зголемување во побарувачката за поддршка од лица со проблеми со менталното здравје, особено млади лица кои немаат доволна поддршка од системот за ментално здравје. Ова се случува во области како што се секојдневната поддршка, поддршка за вработување, инклузивно образование и сервисни служби за поддржано донесување одлуки.

Паралелно, сервисните служби за поддршка на менталното здравје и психосоцијалната попреченост преминуваат кон модел заснован на човекови права, нагласувајќи го ангажманот на заедницата и индивидуалното зајакнување при закрепнувањето. Како и во другите области на поддршка, оваа промена има за цел да ги замени застарените патерналистички пристапи со стратегии насочени кон лицето, усогласувајќи ги со правата дадени во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Со усвојување на овој холистички пристап, менталното здравје може да биде поефективно интегрирано во поширок спектар на правата од здравствена заштита, поттикнувајќи на правични и инклузивни сервисни служби за сите.

Товарот на проблемите со менталното здравје не е неизбежен. Мора повеќе да се стори за да се спречат и да се третираат, но и да се поттикнува на добросостојба. Давателите на услуги за лица со попреченост и нивните соодветни организации можат и се подготвени да имаат клучна улога во застапување и да поттикнуваат за акции со цел да се решат овие хронични разлики во пристапот и квалитетот на сервисните служби за ментално здравје.

Увидувајќи ги овие итни потреби, во светло на известувањето од Европската комисија за Сеопфатен пристап кон менталното здравје, и во согласност со повеќегодишната стратегија **„Придвижување нанапред: Паметна трансформација и градење отпорност“**, ЕАСПД одлучи да се фокусира на менталното здравје во 2024 година. Прво, истражувањето **„Кон сервисни служби за поддршка на менталното здравје и психосоцијалната попреченост низ Европа“** собра податоци за критичната ситуација на сервисните служби и системите за ментално здравје. Понатаму, меѓународната конференција **„Гарантирање на избор и контрола: Трансформирање на поддршката во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост“** овозможи над 250 учесници да дискутираат за клучни прашања поврзани со менталното здравје и како да се поттикне пристапот насочен кон човековите права.

### Промовирање на промена во парадигмата: кон пристап насочен кон лицето, ориентиран кон заздравување и базиран на човекови права

Во согласност со меѓународната и ЕУ законската рамка, поддршката за менталното здравје се придвижува од медицински и заштитнички пристап, кон пристап насочен кон лицето, ориентиран кон заздравување и базиран на човекови права. Ова, воедно, укажува промена во моќта, каде моќта е ставена во рацете на секое лице, давајќи му повеќе избор и контрола врз поддршката што ја добива. Оваа трансформација ја нагласува холистичката добросостојба на поединците, фокусирајќи се на нивните силни страни, лични цели и активно учество во нивното заздравување. Ги интегрира принципите на човечко достоинство, еднаквост и недискриминација, осигурувајќи дека сервисните служби за ментално здравје се пристапни, ги почитуваат и ги зајакнуваат корисниците. Овој пристап увидува дека заздравувањето не е само намалување на симптомите туку и овозможување на лицата да водат исполнети животи во рамките на нивните заедници, наместо во сегрегирачки средини. Со давањето приоритет на личната автономија и социјалната инклузија, и со опфаќање на пошироките социјални детерминанти на менталното здравје, оваа промена на парадигмата се стреми да создаде систем за ментално здравје што овозможува поддршка и правичност. Оваа перспектива што се развива се усогласува со глобалните рамки за ментално здравје, со цел да се унапреди животот и да се поддржат правата на лицата со проблеми со менталното здравје.

Светската здравствена организација разви Насоки за промовирање на пристапи насочени кон лицето и базирани на човековите права за сервисните служби за ментално здравје во заедницата. Овој документ ја потенцира потребата за подобрени здравствени и социјални резултати преку одржливи средства користејќи го пристапот базиран на човекови права.

## Како ова се однесува на обезбедувањето сервисни служби?

***Водечки принципи и практики за пристап базиран на човекови права***

За да бидат **базирани на човекови права**, сервисните служби за ментално здравје мора да обезбедат поддршка што го почитува вроденото достоинство и основните права на сите поединци и се стреми да создаде средина каде што тие можат да добијат рамноправна, почитувана и поттикнувачка поддршка, грижејќи се за нивното ментално здравје и добросостојба.

Овие сервисни служби се засновани на принципите како на пример:

- **Недискриминација и еднаквост**, преку осигурување пристапност до поддршка за менталното здравје.
- **Учество и зајакнување** на поединците во одлуки за нивната поддршка и третман, и во развојот и евалуацијата на политиките и сервисните служби за ментално здравје.
- **Почитување на достоинството**, автономијата и приватноста на поединците.
- **Да не искусуваат штетно, нехумано постапување**, принуда и злоупотреба, осигурувајќи дека сервисните служби за ментално здравје се безбедни и поддржувачки.
- Пристап до информации за нивните права, и достапни опции за третман и сервисни служби.
- Одговорност, преку воспоставување механизми со кои обезбедувачите на сервисни служби и системите се одговорни за почитување и поддржување на стандардите за човекови права.




***Пристап насочен кон лицето во сервисните служби за ментално здравје***

За да бидат **насочени кон лицето**, сервисните служби за ментално здравје ги почитуваат и одговараат на уникатните потреби, преференци и вредности на лицата кои ја добиваат грижата. Овие сервисни служби:

- Даваат приоритет на **активното вклучување** на лицето во неговиот третман и процесот на донесување одлуки, осигурувајќи дека неговите лични цели и животни услови ја обликуваат грижата и поддршката што ја добиваат.
- Градат цврсти терапевтски **врски базирани на доверба,** емпатија и соработка помеѓу лицето кое добива поддршка и грижа и обезбедувачот на сервисната служба.
- Се **флексибилни и прилагодливи**, и нудат скроена поддршка која се развива заедно со променливите потреби и услови на лицето.

***Пристап ориентиран кон заздравување во сервисните служби за ментално здравје***

За да бидат **ориентирани кон заздравување,** сервисните служби за ментално здравје се дизајнирани да ги поддржуваат лицата во нивното лично патување кон заздравување, фокусирајќи се на унапредување на нивниот квалитет на живеење и промовирање на социјална инклузија. Овие сервисни служби:

- Даваат приоритет на **силните страни, преференци и цели**, и се стремат да поттикнуваат надеж, зајакнување и отпорност, признавајќи дека заздравувањето е уникатен и личен процес кој оди подалеку од само намалување на симптоми за да вклучи севкупна добросостојба и способност да се води исполнет живот.
- Се карактеризираат со **холистички пристап** кој интегрира клинички третман со поддршка за домување, вработување, образование и врски во заедницата, осигурувајќи дека грижата е насочена кон лицето, е флексибилна и одговара на променливите потреби на лицето.

***Рана интервенција во поддршката на менталното здравје***

Раната интервенција е уште еден камен темелник за поддршката на менталното здравје. Идентификувањето и опфаќањето на прашањата од менталното здравје во нивната иницијална фаза и понудата на советување, терапија и други интервенции, можат да го спречат напредокот на потешкотиите во менталното здравје.

За развојните прашања и попречености, интервенцијата во раното детство (ИРД) е клучна за промовирање на здрав развој на млади деца и опфаќа развојни, емоционални и загрижености во однесувањето уште од рана фаза. Интервенциите можат да вклучат терапија, семејна поддршка и образовни програми скроени за потребите на детето. Со овозможување на рана поддршка, овие интервенции може да ги подобрат когнитивните, социјалните и емоционалните вештини, што води кон подобри долгорочни резултати. Интервенцијата во раното детство, исто така, помага во градењето на цврста основа за доживотно ментално здравје и добросостојба, од што корист имаат и детето и семејството.

***Деловна способност и само-насочена поддршка***

Промената во парадигмата кон пристап кон менталното здравје заснован на човекови права, ориентиран

## Документ за позиција на ЕАСПД

кон заздравување и насочен кон лицето е тесно поврзана со концептите на **деловна способности и само-насочена поддршка.**

**Деловната способност** се однесува на правото на поединецот да носи одлуки за својот живот, вклучително и одлуки поврзани со грижата и третман на менталното здравје. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост вели дека лицата со попреченост, вклучително и со психосоцијална попреченост, имаат право на деловна способност на еднаква основа со другите. Го нагласува поддржаното донесување одлуки како алтернатива на старателството и неволниот третман, овозможувајќи им на лицата да донесуваат одлуки со поддршка од доверливи сојузници, наместо да им се одземат правата за носење одлуки.

**Само-насочена поддршка** се однесува на зајакнување на лицата да ги насочуваат нивната грижа и поддршка според нивните преференци и цели. Дозволува лицата да ги кројат сервисните служби за да ги задоволат своите уникатни потреби, промовирајќи автономија, самостојност и достоинство. Со промовирање на деловната способност и само-насочената поддршка, сервисните служби за ментално здравје се префрлаат од патерналистички модел кон модел кој ги почитува правата и преференците на поединецот.

Законските рамки кои ја признаваат и ја заштитуваат деловната способност се неопходни за да обезбедат дека поединците со проблеми со менталното здравје имаат пристап до само-насочена поддршка и целосно учествуваат во одлуките за нивната грижа и поддршка. Ова опфаќа закони и политики кои поддржуваат информирана согласност и поддржано донесување одлуки, овозможувајќи им на лицата да ги практикуваат своите права и преференци во согласност со сопствените вредности и приоритети. Во суштина, деловната способност и само-насочената поддршка се интегрални компоненти од поширокото движење кон грижа за менталното здравје насочена кон лицето, ориентирана кон заздравување и базирана на човекови права.

***Интерсекционалност (Вкрстеност)***

Неопходно е инкорпорирање на интерсекционалноста во сервисните служби за поддршка на лица со психосоцијална попреченост базирани на човекови права и насочени кон лицето. Тоа овозможува сервисни служби кои се правични, инклузивни и соодветни за различните индивидуални потреби.

Лицата со психосоцијална попреченост честопати се соочуваат со стигма и дискриминација, кои се надополнуваат кога нивните проблеми со менталното здравје се вкрстуваат со други маргинализирани идентитети како што се раса, пол, сексуална ориентација и социоекономски статус. Овие предизвици се кумулативни, и создаваат уникатни препреки за пристап до поддршка и постигнување на благосостојба.

Жените со психосоцијална попреченост, на пример, може да се соочуваат со родово насилство, помал пристап до образование и вработување, и поголеми социоекономски неповолни ситуации во споредба со мажите со слична попреченост. Насилството кое тие го искусуваат може да вклучи физичко и сексуално насилство, како и емоционална и вербална злоупотреба. Родовите норми и очекувања, исто така, влијаат во преваленцата и дијагнозата на проблемите со менталното здравје, при што на жените почесто им се дијагностицира депресија и анксиозност, додека мажите честопати се недоволно дијагностицирани поради општествените очекувања околу машкоста.

Интерскеционалноста им овозможува на сервисните служби за поддршка подобро да ги разберат холистичките доживеани искуства на лицата со психосоцијална попреченост. Дискриминацијата е слоевита и зависи од контекстот, така што интерсекцискиот пристап помага да се скројат интервенциите за да се опфати повеќеслојната ранливост со која се соочуваат овие лица. Препознавањето на тоа како структурните нееднаквости и општествените ставови влијаат врз оние со вкрстени идентитети помага во креирање на политики и практики кои ги штитат и зајакнуваат лицата со психосоцијална попреченост.

Преку опфаќањето на уникатните предизвици на вкрстувањата на повеќе идентитети, обезбедувачите на сервисни служби можат да го поддржуваат достоинството на сите поединци, поттикнувајќи за поправедна средина која нуди поддршка. Разбирањето и опфаќањето на слоевитоста на дискриминацијата преку интерсекциски погледи овозможува поефективни интервенции, подобрувајќи ја севкупната добросостојба на оние во несигурни услови.

На пример, сервисните служби за ментално здравје треба да нудат грижа сензитивна кон родот и која ги зема предвид социјалните и културните контексти на животот на жените, вклучително и создавање безбедни места, обезбедувајќи информирана грижа за траума и обука на професионалците кои работат во областа на менталното здравје да ги препознаваат и решаваат прашањата поврзани околу родот. Дополнително, подготовката на обезбедувачите на сервисни служби ефективно да се справуваат со вкрстувањата на миграција, раселување, криза и расизам во рамки на нивните стратегии за поддршка е суштинско за обезбедување на квалитетна поддршка.

### Препораки и заложби

#### Препораки за креаторите на политики

Следниве препораки имаат за цел да ги насочуваат креаторите на политики во креирање на поинклузивни, ефективни и ориентирани кон човековите права рамки за менталното здравје.

**1. Инкорпорирање на пристапи насочени кон лицето и засновани на човековите права**

- Да се обезбеди дека сите политики и практики за менталното здравје се во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.
- Да се даде приоритет на политики кои вклучуваат пристапи насочени кон лицето и базирани на човековите права во рамките на менталното здравје, особено со фокус на оние лица кои живеат со попреченост.
- Да се даде поддршка за усвојување на практики ориентирани кон заздравување преку обезбедување насоки и ресурси за обезбедувачите на сервисни служби за ментално здравје.

- Да се промовира деловната способност и поддржано донесување одлуки за лица со психосоцијална попреченост.
- Да се воспостават насоки, во консултација со лицата кои имаат потешкотии во менталното здравје и да се имплементираат ефективни механизми за мониторинг.

**2. Да се осигура правичен/рамноправен пристап до сервисни служби за ментално здравје во заедницата**

- Да се инвестира во проширување и подобрување на сервисните служби за ментално здравје, при тоа да се обезбеди дека тие се достапни, пристапни, прифатливи, со висок квалитет и инклузивни за лицата со повеќекратни и комбинирани попречености.
- Да се поттикнува развојот на мрежи за поддршка ориентирани кон заедницата преку стимулирање на политики, механизми за финансирање и рамки за регулирање кои даваат приоритет на грижа во заедницата.
- Да се охрабрат превентивни мерки, вклучително и програми за ментално здравје на работни места и иницијативи за поддршка во заедницата.
- Да се финансираат и да се промовираат програми за интервенција во раното детство со цел најрано да се опфатат развојните и психосоцијалните предизвици.
- Да се опфатат специфичните потреби поврзани со менталното здравје на маргинализираните групи на население, вклучително жени, групи со ниски примања и мигранти, со интерсекциски пристап.

**3. Имплементација на сеопфатни политики за ментално здравје**

- Усогласување на националните стратегии за ментално здравје со новата стратегија за ментално здравје на ЕУ, фокусирајќи се на превенција, грижа и реинтеграција во општеството.
- Развој и примена на политики кои го интегрираат менталното здравје во пошироките здравствени, социјални и економски политики.

**4. Инвестирање во подигање на свеста и зајакнување на капацитетот**

- Да се започне со кампањи за дестигматизирање на потешкотиите со менталното здравје и да се подигнува свеста за психосоцијалната попреченост.
- Да се распределат средства за иницирање на обуки (вклучително и онлајн) насочени кон зајакнување на капацитетите, споделување информации и психосоцијална поддршка за професионалците кои работат во областа на менталното здравје
- Да се распределат средства од ЕУ за олеснување на споделувањето знаења и најдобри практики за инклузивна и базирана на човекови права поддршка за менталното здравје.
- Обука на професионалците од секторите за ментално здравје и за попреченост за интерсекционалноста и нејзиното влијание врз менталното здравје.

**5. Зајакнување на собирањето податоци и мониторингот**

- Воспоставување на механизми за собирање на податоци за правата од областите на ментално здравје и попреченост на локално, национално и меѓународно ниво. Овие податоци треба да се користат за следење на напредокот, идентификување на празнини во обезбедувањето на сервисни служби и процеси за информирање при креирањето на политики.

## Дополнителни заложби на ЕАСПД

Конференцијата и истражувањето го означија почетокот за подлабок ангажман во промовирање на промена во парадигмата кон пристапи базирани на човекови права, насочени кон лицето и ориентирани кон заздравување инклузивни сервисни служби за ментално здравје, при што ЕАСПД ќе:

1. **Продолжи да застапува за пристапи за холистичка грижа и поддршка и сервисни служби во заедницата, и ќе го поттикнува преминот во насочени кон лицето, ориентирани кон заздравување и базирани на човекови права модели на поддршка.** Ова ќе се постигне преку тесна соработка со креаторите на политики, други обезбедувачи на сервисни служби, организации на лица со попреченост и лица со потешкотии во менталното здравје и психосоцијална попреченост.
2. **Вклучува лица со доживеано искуство и нивни репрезентативни организации** – и ќе поттикнува копродукција во политиките за ментално здравје. Вклучувањето на лица кои доживеале потешкотии во менталното здравје и психосоцијална попреченост во дизајнот, имплементацијата и евалуацијата на сервисните служби, е исто така од суштинско значење.
3. **Предизвикување на стигмата и дискриминацијата** преку интерсекциски пристап заснован на зајакнување на лицата со потешкотии во менталното здравје да ги предизвикуваат стигмата и дискриминацијата, промовирање на социјална инклузија и општествена добросостојба. ЕАСПД ќе поттикнува на свесност за јазикот и ќе прави напори во застапувањето, притоа работејќи во соработка со други организации на лица со попреченост и граѓански организации и искористување на ресурсите како што е речникот на термини на Ментално Здравје Европа. Како голем работодавец, секторот за социјална заштита и сервиси за поддршка, исто така, има одговорност да креира работни места, да биде за отчетен за интерсекционалноста и ЕАСПД ќе осигура да се подигнува свеста и за овој аспект. Ова е уште поважно ако сакаме да ги исполниме постојните празнини при регрутирање и задржување и да дадеме поддршка со висок квалитет.
4. **Промовирање на споделувањето најдобри практики и знаење** преку организирање на настани и сесии за обука со цел да се споделуваат најдобрите практики и иновативни пристапи во поддршката на менталното здравје и успешни практики ориентирани кон заздравување и превенција. Наградите на ЕАСПД за иновација, заедно со развивањето проекти и имплементација се добро позиционирани за да помогнат ЕАСПД да успее во ова.
5. **Поддршка на зајакнувањето капацитети** и партнерска работа за да се развијат ресурси со цел подобрување на знаењето на персоналот и свеста за ветувачките практики во инклузивна поддршка на менталното здравје заснована на човекови права. ЕАСПД ќе користи иницијативи како што е проектот Care4Skills за да ја подобри обуката во пристапите за грижа насочена кон лицето.

## Активности на Европската комисија

# Нови материјали на Европската комисија за унапредување на инклузијата на работното место

Европската комисија неодамна публикуваше три сеопфатни каталози и прирачници за поддршка на можностите за вработување на лицата со попреченост. Овие ресурси се надополнување на првиот сет издаден во 2022 година, кој претставува водич за јавните сервисни служби за вработување и како тие можат да го промовираат учеството на лицата со попреченост на пазарот на трудот. Овие материјали обезбедуваат потребно насочување за имплементација на позитивни акции, борба против стереотипи, осигурување на разумно прилагодување на работното место и справување со хронични болести. Сите овие иницијативи се дел од Пакетот за вработување на лица со попреченост, иницијатива на ЕУ – дел од Стратегијата на ЕУ за правата од областа на попреченоста 2021 – 2030 – за подобрување на пазарот на труд за лицата со попреченост. Следи краток преглед на овие клучни публикации и нивната важност за обезбедувачите на сервисни служби кои работат со лица со попреченост.

### 1. Позитивни акции за поттикнување на вработувањето на лицата со попреченост и борба против стереотипите

Првиот каталог претставува практичен водич за работодавачите и обезбедувачите на сервисни служби, и нуди конкретни стратегии за борба против длабоко втемелените стереотипи кои го отежнуваат вработувањето на лицата со попреченост. Овој водич е поделен на 4 главни дела: сервисни служби за поддршка наменети за бизнисите, иницијативи за финансиска поддршка, квотни системи и активности за подигнување на свеста.

Овие делови покажуваат позитивни акции и добри практики. Иако се признава дека попреченоста често е драматично обликувана од општествените бариери и од ставовите, овој водич го става фокусот на практични мерки насочени кон подобрување на пристапноста, борбата против дискриминацијата и поттикнување на поинклузивен начин на размислување на пазарите на труд во Европа.

### 2. Добри практики и препораки за разумно прилагодување на работното место

Втората публикација овозможува детални насоки за обезбедување на разумно прилагодување на работното место. Овој материјал е неопходен за работодавачите да се усогласат со меѓународните и на ЕУ законските стандарди бидејќи разумното прилагодување често е погрешно разбрано или несоодветно применето. Ги потенцира различните облици што може да ги има за да се гарантира инклузивна и насочена кон лицето работна средина, а со тоа и зајакнување на лицата со попреченост ефективно да ја вршат својата работа. Од флексибилни работни часови до прилагодување на физичкиот простор за работа, овој прирачник служи како суштинска алатка за обезбедувачите на сервисни служби кои им помагаат на организациите во имплементирање на овие прилагодувања. Покрај практичните мерки, ја потенцира и важноста од унапредување на врските за соработка и инклузија со локални организации. Ова е со цел да се осигура адекватна обука и подигнување на свеста за потребата да се направат прилагодувања за флуидноста на попреченостите.

Овие насоки, исто така, нудат потребни материјали за да се помогне во пристапот до информации и директна поддршка за разумно прилагодување кои се дадени од граѓански организации (експертски насоки, мрежи за поддршка, алатки за застапување), а се насочени кон подобрување на разбирањето и имплементацијата на инклузивните практики. Следејќи ги овие насоки, работодавачите можат да им дадат подобра поддршка на нивните вработени и да создадат работна средина што е истовремено и инклузивна и поттикнувачка.

### 3. Менаџмент на хронични болести на работното место

Третата публикација се однесува на честопати игнорираното прашање за справување со хронични болести на работното место.

Оваа публикација промовира холистички пристап и е особено релевантна за обезбедувачите на сервисни служби кои работат со работодавачи за да развијат долгорочни стратегии за менаџирање на здравјето и добросостојбата на вработените. Воедно, ја нагласува отпорноста преку зајакнување на социјалните и во местото на живеење мрежи за поддршка и, исто така, обезбедува збир на студии на случај на инклузивни мрежи кои се изградени врз моделот на социјалната економија. Вклучен е опсежен, интегриран и сеопфатен каталог на извори во согласност со специфичните услови и предизвици.

Овој прирачник овозможува практични совети за тоа како работодавачите можат да се приспособат и да развијат пофлексибилна работна средина за да се приспособат на варијациите во состојбата на лицето и интеракцијата со заедницата.



## Активности на Европската комисија

**Чекор нанапред за инклузија на лицата со попреченост**

Овие три публикации издадени од Европската комисија се значајни иницијативи во тековните напори за промовирање на инклузијата на лицата со попреченост, хронични болести или други специфични потреби, на работното место. Токму поради јасните насоки кои ги нудат, овозможуваат зајакнување на обезбедувачите на сервисни служби, работодавачите и лицата со попреченост да чекорат нанапред кон креирање на поинклузивна работна средина која дава поддршка. Тие, исто така, служат како потсетник за споделената одговорност да се обезбеди дека лицата со попреченост имаат еднакви можности да придонесуваат и напредуваат во работната сила.



# Препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на вработувањето на лица со интелектуална попреченост

Публикацијата на овие материјали доаѓа во вистинско време за да потсетиме и да се заложиме за што побрзо донесување на новиот закон за вработување на лицата со попреченост, кој започна да се изготвува во 2021 година. Основни приоритети за лицата со интелектуална попреченост се воведување на квотен систем и професионална рехабилитација, подобрени можности за вработување на отворениот пазар на труд и воведување на моделот на поддржано вработување.

Ставот на РЦПЛИП – ПОРАКА останува непроменет во изминатите години и се залага за промовирањето на моделот на поддржано вработување на отворениот пазар на трудот. Тоа не значи дека заштитните трговски друштва треба да исчезнат, туку дека постои потреба од промена во визијата и мисијата на сите носители на акции што се вклучени во процесот на вработување на лицата со интелектуална попреченост.

Оваа промена, до одреден степен, ќе треба да се случи и во однос на заштитните трговски друштва, кои не треба да го сочинуваат автоматскиот и единствен избор за вработување на лицата со попреченост, туку треба да нудат можности за развој и за нови квалификации. Во таа смисла, заштитните трговски друштва можат да се искористат за подготовка на лицата со интелектуална попреченост и нивно трансферирање на отворениот пазар на трудот. Од посебна важност е при вработувањето на лицата со интелектуална попреченост, без разлика на моделот (заштитно трговско друштво или вработување во јавниот или приватниот сектор) да се внимава средината, работните задачи и поддршката кои се на располагање да се соодветни на нивните потреби и аспирации.

Поради тоа, треба да се користат различни техники за индивидуален пристап со што ќе се овозможи соодветно вработување во согласност со капацитетот и можностите на лицето со интелектуална попреченост.

**Препораки:**

- **Доследно воведување на моделот на поддржано вработување на лицата со интелектуална попреченост во новата законска рамка и постепено напуштање на моделот на заштитно вработување.**
- **Воведување на квотен систем на вработување за лица со интелектуална попреченост во јавната администрација и на отворениот пазар на труд, со што ќе се овозможи вклучување во редовните текови на општествениот живот.**
- **Преземање мерки за намалување на злоупотребите на лицата со интелектуална попреченост на работното место. Анализите на РЦПЛИП – ПОРАКА посочуваат дека вработените лица со интелектуална попреченост честопати се жртви на дискриминација, вознемирување, предрасуди и навредувачки однос на работното место.**
- **Преземање мерки за откривање и санкционирање на фиктивно вработување. Постојат случаи кога на иницијатива на работодавачот лицата со интелектуална попреченост склучуваат договори за вработување, но не започнуваат со работа, а за тоа добиваат мала сума пари. Од друга страна, работодавачот ги користи бенефитите согласно Законот за вработување на инвалидни лица, што претставува класичен пример на злоупотреба.**
- **Зајакнување на механизмот за следење и контрола на односот на работодавачот кон вработените лица со интелектуална попреченост, како исклучително важно за ефективно остварување на правото на вработување.**



# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА



## Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Активностите во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје изминатиов период непречено се реализираа согласно предвидената програма за работа. Редовно се реализираат активностите за развивање на когнитивните, социјалните и практичните вештини кај корисниците. На 13.06.2024 во дворот на ООУ „Киро Глигоров“ корисниците од дневниот центар во населбата Капиштец присуствуваа и беа дел од заедничкото дружење со хуманистот и уметник г-динот Живко Поповски - Цветин кој одржа поетско читање, цртање и изложба под мотото „Цветиново катче на мирот и хуманоста“. Во име на мирот и хуманоста тој на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во населбата Капиштец му подари пет слики со цвеќиња во различен дизајн кои се негов заштитен знак.

Во текот на летниот период активно се продолжи со градинарење во Зелената Арка - Бостание. Корисниците од двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА активно беа вклучени во плевење и обработка на земјата, садење и расадување на градинарски култури. Дел од активностите во градината беа и грижа и нега на плодовите од претходно засадениот расад. Во дневните центри во рамки на практичните активности, пак, се подготвуваа оброци од разни зеленчуци набрани од градината.

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип редовно се реализираат согласно предвидените програмски активности. Покрај овие секојдневни активности се реализираа и низа креативни работилници. Во текот на јуни се организираа работилници за изработка на фигури во калап од рециклиран материјал. Овие работилници дадоа можности за дел од корисниците да можат да го организираат своето слободно време во попладневните часови и викендите занимавајќи се со интересни активности и во својот дом. На почетокот од месец јули во соработка со Зегин – Штип се организираше и се спроведе преглед на корисниците на дневниот центар за ризик од остеопороза. Истовремено, корисниците добија и корисни совети за заштита и унапредување за личното здравје. Соработката со општинската организација на Црвениот крст во Штип продолжи и во изминатиот период. Во соработка со нив, дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип се вклучи во акцијата на Здружението на пензионери „Автокоманда“ и донираше гардероба за социјално ранливи категории. Кон крајот на август заедно со клубот на млади на општинската организација на Црвениот крст во Штип се реализираше креативна работилница. Преку меѓусебна дружба и во релаксирана и пријатна атмосфера, корисниците и волонтерите изработуваа оригами.

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Во изминатиов период корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш продолжија со реализација на секојдневните програмски активности за усвојување на вештините за секојдневно живеење. Дел од тие активности беа насочени кон подготовки на зимница. Корисниците ги береа овошките кои ги одгледуваат во дворот, потоа ги чистеа и миеја за на крај соодветно да ги собираат во кеси за замрзнување и да ги редат во замрзнувачот. Овие плодови ќе ги користат за подготовка на топли напитоци во зимскиот период. Секојдневно се усвојуваа практични вештини за работа во кујна, односно, подготовка на едноставни оброци, топли напитоци и





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА





самостојно управување со електрични апарати. Редовно се спроведуваа и активности за одржување на дворното место и наводнување на садниците.

Поради топлото време и екстремно високите температури овој летен период не се реализираа социјални активности, ниту се спроведоа активности со соработниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп во изминатиов период редовно и непречено се реализираа според планираните програмски активности. Секојдневно во работа со корисниците се практикуваа разновидни активности со цел да се унапредат и усвојат различни можности и способности. Исто така, се реализираа и активности во соработка со надворешни лица. Една од тие активности беше и посетата на завршната модна ревија на СОУ „Ѓорче Петров" – Прилеп која се одржа во дворот на самото училиште. За разлика од лани, оваа година креациите кои ги носеа моделите и амбиентната музика која се слушаше за време на ревијата, ја симболизираа културата на хипи-движењето. Самиот настан имаше поразличен карактер во однос на други настани кои претходно корисниците имале прилика да ги посетат, па затоа љубопитно и со големо внимание го проследија целиот настан.

Во периодот од 10.06. до 14.06. и 19.08. до 26.08. по сопствена иницијатива ученици од ПСУ „Јахја Кемал Колеџ" реализираа ученичка пракса во дневниот центар. Преку креативни работилници се спроведоа активности и техники за подобрување на креативните и манипулативните способности кај корисниците. Според учениците, ваквата можност за директно вклучување во активностите, им помогнала да ги разбијат сопствените предрасуди и стереотипи за можностите на лицата со интелектуална попреченост.

Во духот на традицијата и негувањето на традиционалните верувања, по повод верскиот празник Иванден се одржа едукативна работилница со членовите од Здружението на пензионери на град Прилеп. Во рамки на истата се разговараше за обичаите поврзани со овој празник, а корисниците имаа можност да пробаат домашни месени кравајчина (благи посни лепчиња) кои членките ги донесоа во знак на празнување на празникот.

Во летниот период најголем број од работилниците кои се реализираа со наставничката Вера Попоска имаа за цел да ги оспособат корисниците самостојно да започнат да водат грижа за цвеќињата во дворот. Преку овој тип на активности корисниците имаа можност да засадуваат и наводнуваат цвеќиња, да користат различни земјоделски алати и да корнат трева. Ефектот од овие активности беше особено видлив за време на летните одмори, кога двајца корисници по сопствена иницијатива и желба одговорно се грижеа за цвеќињата во дворот. Во месец септември во придружба на наставничката се реализира и рекреативно пешачење до „Паркот на непобедените – Могила" со цел подобрувањње на физичката кондиција кај корисниците.





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Социјалниот клуб на РЦПЛИП -ПОРАКА во Битола редовно ги реализираше своите активности согласно предвидената програма за работа.

Покрај редовните активности кои предвидуваат стекнување на вештини за секојдневно живеење се реализираа и неколку интересни активности надвор од просториите на социјалниот клуб. Корисниците на социјалниот клуб ги посетија блиските маркети во кои разгледуваа и пазареа средства за одржување на домашна и лична хигиена. Потоа следеа неколку работилници на кои се разговараше за начините на употреба на средствата за хигиена, а следеа и можности за нивна практична употреба.

Се реализираа и неколку активности за подготовка на летни и освежителни напитоци и лесна храна. За таа цел, корисниците прво разговараа за тоа кои производи се потребни за овие пијалаци и оброци да се подготват, а потоа истите ги пазареа од блиските маркети. На покана на соработниците на социјалниот клуб Асоцијација за фолклор Плетенка, корисниците имаа можност да присуствуваат на нивниот годишен концерт и да се запознаат со дел од македонскиот фолклор и раскажана традиција.

Исто така, корисниците на социјалниот клуб имаа можност да присуствуваат на концертот на Камерниот оркестар – Битола „Летај, летај галебе – Младите за Кире Костов“. На концертот корисниците, покрај можноста за убаво расположение, одблиску се запознаа со младите музички ѕвезди, како и со глумците и музичарите од Камерниот оркестар.

Во рамки на проектот „Креативни, забавни работилници за поттикнување на читањето кај лица со попреченост – добри практики“ се реализираше и втората работилница во просториите на социјалниот клуб, а во соработка со НУБ „Св. Климент Охридски“. На работилницата корисниците имаа можност да се забавуваат и на хумористичен начин да ги запознаат и препознаат карактерните особини на луѓето преку читање на басни. Како резултат на соработката со Прагма продукција, организатор на концерти низ Македонија, корисниците на социјалниот клуб добија бесплатни карти за три концерти кои се одржуваа во Битола.





### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Изминатиов период во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија се реализираа повеќе когнитивно-едукативни и практични активности. Дел од активностите беа изработка на декоративни свеќи во различни бои и со различни дезени. На покана на Здружението за развој, едукација и еколошка етика ПОЛИМАТ 13 од Богданци, дел од корисниците присуствуваа на настанот Ден на астрагалусот, каде беа претставени рачните изработки од корисниците кои се продаваа за симболична сума. Дел од корисниците, исто така, имаа можност да присуствуваат на настанот „Ајде сите заедно во природа“ во организација на Фондацијата Ице Бегов и планинарското друштво Кожуф од Гевгелија.

Се реализираше планинарење по инклузивна патека приспособена за сите во должина од 2 км. По завршување на пешачењето, во планинарскиот дом беше организирана заедничка дружба. По повод патрониот празник на општина Гевгелија, дел од корисниците заедно со нивните родители, присуствуваа на вечерен концерт „Македонијо во срце те носиме“. Исто така, во средината јули дел од корисниците на социјалниот клуб и нивни родители присуствуваа на еднодневна прошетка до местото „Рајска долина“ покрај реката Вардар во општина Демир Капија. Прошетката беше поддржана со организиран транспорт од локалната ТА „Дори“ од Гевгелија.

Во јули во социјалниот клуб се започна со активности наречени „Отпадот не е ѓубре“ што ќе се реализираат во понатамошниот период. На овие активности се разговара и се учи за отпадот, селектирањето и негова повторна употреба. За таа цел, ќе се собираат пластична амбалажа и



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

капачиња од шишиња кои ќе се предаваат на локална фирма за рециклирање на отпад. Во текот на целиот период, покрај овие активности, корисниците се релаксираат и со играње на друштвени игри.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Изминатиот период активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница непречено се реализираа. Акцентот на повеќето од нив беше ставен на летниот период и топлото време. Така, дел од активностите беа разговори за опасностите од дехидратација и изгореници од сонцето, како и споделување на совети и искуства за избегнување на овие опасности. Се разговараше и за опасностите од појава на пожари и начините за нивно предизвикување, и заедно со корисниците се набројуваа мерките за справување и заштита од пожари. За време на креативните работилници се изработуваа цртежи со летни мотиви. Неколку активности се посветија и на запознавање со Вселената и небесните тела. Корисниците изработуваа и модел на скафандер кои астронаутите го користат за патување во вселената. Практичните активности беа насочени кон одржување на хигиена во просторот, но и се разговараше за одржувањето на личната хигиена во летниот и топол период. Се реализираа и активности за подготовка на лесни оброци проследени со разговори за видовите на овошје и зеленчук кои виреат во летното време. Во текот на изминатиов период корисниците на социјалниот клуб редовно играа и едукативни и друштвени игри.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица непречено ги реализираше предвидените програмски активности во изминатиот период. Се реализираа низа когнитивно-едукативни работилници на кои најчесто се говореше на теми поврзани со летниот период. Се разговараше за соодветна облека во летно време, како да се чува храната во летно време и каква храна да се јаде во овој период. Се говореше и се гледаа едукативни видеа за начини на разладување на телото и просториите во кои се престојува при топло време. Се реализираа и неколку работилници на тема бонтон односно соодветно однесување во домот со најблиските, како и надвор од домот во најразлични ситуации и на различни места. Практичните активности, исто така редовно се реализираа. Секој од





корисниците, согласно своите можности учествуваше и во вежби за раздвижување користејќи ги справите кои ги има во социјалниот клуб. Покрај овие, се реализираа и неколку креативни работилници на кои корисниците изработуваа рачни изработки и креираа ликовни творби на тематики поврзани со летото.

Во соработка со здружението „Говор на срцето“ се реализираа креативни работилници кои се одржуваа во Општина Босилово, а на кои се креираа рачни изработки на слободни теми. На почетокот на месец јули, корисниците на социјалниот клуб зедоа учество на првото издание на „БАЗАР ФЕСТ Босилово 2024“ на кој се претставија со свои рачни изработки. Корисниците на социјалниот клуб редовно играат и друштвени игри, и гледаат едукативни видеа на теми кои самите ги избираат.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци

Програмата за работа редовно се реализира во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци. Во изминатиот период се реализираа низа когнитивно-едукативни, практични и рекреативни активности. Дел од нив беа креативни работилници од кои дел беа ликовни на кои корисниците твореа на слободни теми со поддршка од неколку волонтери, а дел беа посветени на моделирање со пластелин и глинамол. Корисниците се покажаа како многу вредни во работилниците за одржување на хигиената во просторот на социјалниот клуб, а и во средувањето на дворот и наводнувањето на цвеќињата и дрвцата. Се реализираа и активности за одржување на личната хигиена. Дел од активностите беа и играње на друштвени игри.



ПОРАКА

# Наша Страница

## Активности во кугланата на СЦ „Борис Трајковски“

Соработката на двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје со СЦ „Борис Трајковски“ продолжува да се реализира и во овој период. На 17-ти септември, корисниците на дневните центри имаа можност да ги користат капацитетите на овој спортски центар, т.е. да се рекреираат во кугланата.





Бенефитите од овој вид на рекреативни активности се од големо значење за корисниците, кои секогаш со задоволство ја посетуваат кугланата и ги покажуваат своите вештини и спортскиот дух.





Упатуваме голема благодарност до СЦ „Борис Трајковски“ за поддршката и можноста за бесплатно користење на кугланата и се надеваме дека соработката ќе продолжи и во иднина.

ISSN 0350-5863